**ЗАПИСНИК**
**од 5-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 13.12.2021 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски, д-р Методија Јанчески.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата**: /

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба**: м-р Магдалена Давидовска Довлева, Маја Дамевска, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 5-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 12:00 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Г-дин Петрушевски информира дека на седницата нема присутен претставник од поканетите радиодифузери односно од ТВ Нова од Гевгелија и РА Актуел од Битола.

Советот на Агенцијата, едногласно го усвои следниот:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Образложение од Трговското радиодифузно друштво ТВ НОВА ДОО Гевгелија, во врска со постапката за бришење од регистарот на радиодифузери.
2. Образложение од Трговското радиодифузно друштво РАДИО АКТУЕЛ Битола ДООЕЛ во врска со постапката за бришење од регистарот на радиодифузери.
3. Разно.

Г-дин Петрушевски објасни дека предложените точки се ставени на Дневен ред како обврска на Агенцијата согласно ЗААВМУ за да се обезбеди можност медиумите да образложат што можеби би претставувало пречка Советот да донесе одлука за да се избришат од регистарот на радиодифузери. Наведе, бидејќи нема ниту еден присутен од поканетите радиодифузери, не гледа причина да се продолжи седницата. Бидејќи членовите на Советот немаа против, г-дин Петрушевски ја затвори седницата.

**Бр. 02-4472/2**
**22.12 2021 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**